# КВАЛИТАТИВНАТА МЕТОДОЛОГИЈА И НЕЈЗИНАТА ПРИМЕНА ВО ХУМАНИСТИЧКИТЕ И ОПШТЕСТВЕНИТЕ НАУКИ


Проф. д-р Снежана Јованова-Митковска

Факултет за образовнни науки

УГД , штип

# Потреба од истражување, проучување на феномените во хуманистичките и општествените науки

- Потреба-брз научно-технички и технолошки развој
- Бројни прашања, проблеми
- Порив за истражување проучување, предизвик за истражувачите
- Терминолошки разлики
    - Проучување
    - Истражување
    - Спознавање
    - Испитување

# Која е научната дисциплина која го овозможува тоа?

- **Методологија** - meta+hodos+logos- по, низ+пат+говор, мисла, ум- патиштата на научното истражување

- Алат со помош на кој науката доаѓа до нови сознанија;

  - **Општа методологија**
  - **Поединечни методологии**

- **Квантитативна, квалитативна методологија**
- КОЈА Е РАЗЛИКАТА ПОМЕЃУ НИВ?

# КВАНТИТАТИВЕН ПРИСТАП/КВАЛИТАТИВЕН ПРИСТАП

## КВАНТИТАТИВЕН ПРИСТАП

- Утврдување на универзални закони кои ја објаснуваат појавата со примена на нумерички податоци (податоци можат да се мерат)

## КВАЛИТАТИВЕН ПРИСТАП

- Суштинска цел да се објасни значењето на феноменот преку анализа, евалуација и толкување на информациите собрани преку интервјуа, записи, итн.

**Суштински разлики во однос на:**

**предметот на истражување, проучување,**

**постапките,**

**односот помеѓу истражувачот и предметот на проучување, истражување**

**Не се исклучуваат меѓусебно, туку се надополнуваат едни со други**

# Карактеристики на квантитативен пристап во проучување на феномените во општествените и хуманистичките дисциплини

- НАЦРТ, ДИЗАЈН НА ИСТРАЖУВАЊЕ
- Прецизност во одбирање на примероците
- Стандардизирани инструменти за собирање на податоци
- Статистички постапки за обработка на податоците и донесување на заклучоците

СЛАБИ СТРАНИ

- Мал број на експерти учествуваат во вакви истражувања токму поради примена на строги барања
- Мал број на лица кои можат да ги толкуваат и користат резултатите од овое истражувања

# Зошто квалитативен пристап?

- Креативен чин
- Потреба од  активно учество
- 80 ти години на 20 век
- Концепти
- **Социјален конструктивизам**
- **Критички реализам**

# Квалитативна методологија

- Отворена, индуктивна методологија за истражување
- Се занимава со значењето; начините на кои луѓето му даваат значење на светот и како ги доживуваат настаните (на пр. како се одвива процесот на едукација на лица со попреченост во време на КОВИД пандемија)
- Истражувачки интерес: квалитетот на искуството, а не причинско-последичната врска.
- Не се користат однапред дефинирани променливи бидејќи интересот е во значењето што на настаните им е припишувано од страна на самите испитаници
- Целта на квалитативното истражување е да се опишат и евентуално да се објаснат настаните и искуствата, но не и да се предвидат.
- Проучување на луѓето во нивната природна средина
- Користење на толкувањата на настаните од испитаникот и истражувачот

# Карактеристични обележја на квалитативната методологија

| Параметри | |
|---|---|
| ЦЕЛИ | опишување и толкување на искуства собирање на нови сознанија засновани на разбирање, без поставување напрвични претпоставки |
| ОСНОВНИ ПРАШАЊА | Зошто една променлива влијае на друга?Како, на кој начин или преку кој механизам се случува такво влијание? |
| ФИЛОЗОФСКИ ОСНОВИ | Критичка теорија (сознанието е субјективно)Конструктивизам(нема една објективна вистина) |
| НАЧИН НА ПРОУЧУВАЊЕ | Проучувањето се одвива во природни услови, на сложеноста на околностите им се дава приоритет, бидејќи овозможува увид во целината |

# Карактеристични обележја на квалитативната методологија

| | |
|---|---|
| ИСТРАЖУВАЧКИ ТЕХНИКИ | Длабинско интервју<br>Фокусни групи<br>Квалитативно / етнографско набљудување<br>Дневници<br>Студија на случај |
| МОЖНОСТ ЗА ГЕНЕРАЛИЗАЦИИ | Неможност за генерализација на популацијата<br>Разбирање на специфичните, конкретните случаи или примерок од луѓе во преден план |
| ИСПИТАНИЦИ | Мал нерепрезентативен примерок од испитаници што не дозволува генерализација, но овозможува подлабока анализа |

# Карактеристични обележја на квалитативната методологија

| | |
|---|---|
| **УЛОГА НА ИСПИТАНИЦИТЕ** | **Испитаниците се учесници и субјекти во истражувањето.Испитаниците редовно помагаат во проценката на валидноста на описот и толкувањето на истражувачот** |
| УЛОГА НА ИСТРАЖУВАЧОТ | Истражувачот врз основа на сопствената перспектува влијае на толкувањето Вклучувањето и емпатијата на истражувачот се пожелни бидејќи водат кон подобро разбирање на личните искуства |
| УЛОГА НА ИСПИТАНИЦИТЕ | Испитаниците се учесници и субјекти во истражувањетоИспитаниците редовно помагаат во проценката на валидноста на описот и толкувањето на истражувачот |

| ПОДАТОЦИ | **Наративни описи**<br>**Текстови**<br>**Записници/транскрипти од разговори** |
| --- | --- |
| ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ | Литературно, вербално |
| ПРИМАРЕН ПРИДОНЕС | Разбирање на искуството кое води кон нивно интензивно и длабинско проучување без почетна теоретска рамка |

# Карактеристики на квалитативното истражување според Patton, M.Q (1990)

- Натуралистички притап
- Индуктивен пристап-хипотези
- Холистичка перспектива
- Квалитативни податоци
- Личен контакт и увид во проблемот-важен аспект
- Динамичност
- Ориентација на одделни случаи
- Осетливост за контекстот
- Емпатиска неутралност
- Флескибилност

# Нацрт за квалитативно истражување

Добриот нацрт за квалитативно истражување подразбира постоење на:

- метод за собирање податоци соодветен на прашањето за истражување
- методот за собирање податоци генерира податоци кои се соодветни за методот на анализа

**Комбинирање на квалитативни методи за собирање и методи за анализа на податоците**

- Понекогаш „најсоодветен“ начин да се одговори на истражувачкото прашање е ТРИАНГУЛАЦИЈА

# ИСТРАЖУВАЧКИ ПРАШАЊА

- Што?
- Како?
- Каде?
- Зошто?
- Кога?
  - Прашања од отворен тип - бараат одговори кои ќе бидат детален опис и, ако е можно, објаснување на феноменот / објектот / процесот / ентитетот што се истражува.•
  - Го насочуваат истражувањето во одредена насока, но без предвидувања (хипотези).•
  - „Добрите“ прашања се ориентирани кон процесот-како се случува нешто
  - Отвореност за промена на прашањето во текот на истражувачкиот процес
  - Во предвид се имаат
    - етичките и политичките димензии на прашањето
    - за рефлексивноста

# Анализа на податоците

- Квалитативните методи за анализа на податоците можат да бидат поделени според критериумите:
- ОПШТИ КВАЛИТАТИВНИ МЕТОДИ ЗА АНАЛИЗА
  - Тематска анализа
  - Метода втемелена на теоријата
- АНАЛИЗА НА ЈАЗИКОТ ИЛИ ГОВОРОТ
  - Анализа на дискурс
  - Анализа на конверзацијата
- АНАЛИЗА НА ЖИВОТНИ ПРИКАЗНИ/ДОЖИВУВАЊА
  - Интерпретативна феноменолошка анализа
  - Наративна анализа
- Програмски пакети за анализа на квалуитативни податоци

## КАКО ЌЕ ГИ АНАЛИЗИРАМЕ ПОДАТОЦИТЕ ДОБИЕНИ СО ПРИМЕНА НА КМ?

- Придружување на кодови на белешките или транскриптите
- Бележење на сопствени коментари
- Преглед на податоците со настојување да се утвррдат правилности- заеднички елементи, приврзаност, обрасци
- Издвојување на правилности и проверување во следната истражувачка етапа
- Постапно разработување на мал број воопштувања со кои се објаснува доследноста на утврдените податоци
- Конфронтирање на воопштувањата со дотогашните сознанија кои се вклопени во конструктите или теоријата

## Фази низ кои поминува анализата

- **Редукција на податоците**
  - сумирање на постојната граѓа преку кодирање, пронаоѓање на тема,кластерирање, пишување на приказна
- **Прикажување на податоците**
  - прегледно изнесување на сумираните наоди во облик кој дозволува извлекување на заклучоци
- **Извлекување на заклучоци**
  - толкување на податоците- споредби, воочување на образец или тема

## Карактеристики на истражувања во кои се користи квалитативната методологија

- Оригиналност
- Важност на истражувачкото прашање
- Втемеленост на заклучоците

Дополнителни критериуми

- Постоење на т.н натуралистички податоци, податоци кои произлегуваат од непосредната стварност
- Нагласена улога на учесниците
- Нагласена рефлексивност

# Улога на учесниците во квалитативното истражување

- Не постои јасна разлика помеѓу учесниците и истражувачот
- Истражувачите во исто време се и партиципиенти
- Истражувачот влијае на истражувачкиот процес и во него учествува како
  - лице (лична рефлексивност)
  - како теоретичар, мислител (епистемолошка рефлексивност)
- Учесниците даваат свој придонес во анализата на собраните податоци

# Извештај од квалитативното истражување " Не треба све речи да би се све казало"

- Последна фаза од истражувањето
- Цел – информирање на читателите што и како се работело во кокреѕтно истражување, до кои резултати се дошло, како се тие резултати обработени и интерпретирани
- Функција-информативна
- Структурни елементи
  - 1. **НАСЛОВ**
  - 2. **АБСТРАКТ**
  - **3.ВОВЕД И ПРОБЛЕМ**
  - **-** Се дефинираат клучните поими
  - **4. МЕТОДИ – детален опис на методите за собирање и методите за анализа на податоците**
  - **5.РЕЗУЛТАТИ И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА**

    **6.ЗАКЛУЧОК-**

    **7. АБСТРАКТ**-

    **8. БИБЛИОГРАФИЈА**

    **9. ИМЕНИЧЕН РЕГИСТАР**

    **10. ПРИЛОЗИ**

**НЕОПХОДНО СОЛИДНО ИСКУСТВО**

# Основни етички принципи на кои треба да се придржуваме при користење на квалитативната методологија

- Согласност за давање на информации
- Некористење на измами на испитаниците
- Право на повлекување
- Анонимност и проверливост
- Заштита од ризици
- Обезбедување на достоинство и благосостојба
- Debrifing- информирање на крај